Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

E.A.T.S

Empowering Agri-Food Chain
Through Social Dialogue

# Упатства

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union



**Проектот E.A.T.S. има за цел да ги зајакне европскиот агро-прехранбен вредносен синџир, социјалниот дијалог и индустриските односи во секторот.**

Тоа ќе го постигне преку идентификување и промовирање на добри практики коишто веќе се активни во земјите партнери, а најмногу од сè, преку создавање заеднички упатства за промоција на преговарањето и социјалниот дијалог на ниво на Европа, во сите земји членки.

**Социјалниот дијалог е консултативен метод кој ги вклучува социјалните партнери - здруженијата на производители и работници - и националните или европските јавни органи во теми како макроекономскиот дијалог и стратегиите за поттикнување на вработувањето и социјалната заштита.**

Од фундаментална важност за историското патешествие и органите за донесување одлуки при процесите на Европската унија, социјалниот дијалог е од конкретно значење во агро-прехранбениот сектор, како упориште за опсежни економски и социјални трансформации во нашето време (како мигрантската работата, инфлацијата, дисперзијата на ресурси и проблемот со застапување) со коишто се испреплетени.

Развојот на социјалниот дијалог во европскиот агро-прехранбен сектор во иднина ќе биде поврзан со клучни теми: еколошката транзиција и одржливоста, како и заштитата на територијата, биодиверзитетот и руралните предели.

**За да се одговори на овие предизвици, преку E.A.T.S. беа идентификувани 4 димензии за интервенција за синдикатите, здруженијата на работодавачите и институциите.**




Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

# Вклученост на работниците и работничките

**Преку E.A.T.S. се промовираат партиципативни организациски модели коишто треба да се тестираат во друштвата, како и во облик на застапеност на работниците** „Промената на времето“ што ја сведочиме наложува работниците да станат протагонисти што ќе отпочнат период на вклученост во консолидиран метод на работна организација, за заедничко справување со предизвиците и со можностите.

Вклученоста на работниците во секојдневието на друштвата претставува знаменит дел од можната примена. **Вклученоста, всушност, може да биде:**

**управна,** којашто обезбедува облици на заедничко управување во надзорните одбори и во одборите на директори. Таквиот метод би се овозможил преку интеграција во одборите на друштвото на барем еден претставник на работниците.

**финансиска,** посветена на регулирање на распределбата на профитот кај работниците преку регулирање на нивниот договорен пристап до широко распространетите планови за поседување акции, заедно со можноста засегнатите страни-работниците да ги доверат правата на глас на одредени фондови, за колективно управување со нивните права коишто потекнуваат од финансиското учество.

**организациска,** со вклученост на работниците во иновативни проекти што ја подобруваат ефикасноста на производствените процеси од коишто се дел самите работници.

**консултативна,** развиена според правото да се консултираат претставниците на синдикатите превентивно и задолжително.



Ова е клучен елемент за усогласување на работата и капиталот, солидарноста и конкурентноста, како и на друштвото со територијата. Вклученоста на работниците не помага само да се подобрат организациската атмосфера и внатрешната кохезија, туку може да доведе до подобрена работа на друштвото и поголема конкурентност на пазарот. Работниците што се чувствуваат вклучено и ценето се помотивирани, поангажирани и попродуктивни, а тоа има позитивно влијание на финансиските резултати и реномето на друштвото. Освен тоа, вклученоста на работниците помага да се поттикне поголемо чувство на припаѓање и одговорност кон друштвото и кон локалната заедница.

Индустриските односи што се засновани на вклученоста на работниците мора да се базираат на принципите на слобода, еднаквост и реципроцитет. Тие мора да можат **да генерираат вредност за двете страни**, да поттикнат атмосфера на доверба и соработка што на прво место ги става иновацијата, растот и **одржливиот развој**.

За да се постигне оваа цел, неопходни се инвестиции за обучување на работниците што се вклучени во целиот производствен синџир на друштвото. На работниците треба да им бидат дадени неопходните алатки за проучување, разбирање, па дури и водење на промените што се појавуваат во целиот производствен синџир на друштвото.

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

# Поврзување на странските работници и работнички

**E.A.T.S. промовира спроведување на стимулативен систем за вработување во агро-прехранбениот сектор, што го олеснува поврзувањето на странските работнички и работници и ја покрива потребата за сезонски работници во секторот којшто постојано има тешкотии да гарантира слободно и достоинствено вработување за сите вработени.** Само безбедната и правична работа може да биде двигател на еманципација и на средства за поврзување, и да помогне да се надминат јазичните и културните бариери.

Националните и европските синдикални организации играат клучна улога во управувањето на процесот за промена на пазарот на трудот. Од една страна, тие мора **со нови сили да се борат со работата на црно** и да застанат против експлоатацијата на странските работници. Од друга страна, мора храбро да инвестираат во процеси за поврзување, да поттикнуваат средби, да слушаат и да го водат дијалогот меѓу работниците и да развијат соодветни алатки што ќе спречат формирање гетоа, како формални, така и неформални, во рамките на националното договарање.



Покрај тоа, неопходно е да се подвлече важноста на меѓународната соработка и солидарноста меѓу земјите членки во Европската унија при управувањето на овој заеднички предизвик. Делењето на одговорностите и ресурсите може да гарантира ефективен и хуманитарен одговор на феноменот на мигрирањето, истовремено поттикнувајќи кохезија и интеграција во Унијата.

**Најважно е Европската унија да усвои инклузивни политики според принципите на човековите права за да го реши феноменот на мигрирањето.** Суштински важно е да се препознае позитивниот придонес што мигрантите може да го имаат за нашите општества и економии, како во рамки на културната разновидност и социјалното збогатување, така и во рамки на нивниот придонес во пазарот на труд и економскиот раст. **Само со поврзан и потпомогнат пристап може да се надеваме дека ќе ги надминеме предизвиците што ги поставува пред нас мигрирањето.**

За тоа е потребна заедничка посветеност на европско и меѓународно ниво, за да се решат основните причини за мигрирањето, вклучувајќи сиромаштија, конфликт, климатски промени и прекршување на човековите права во земјите на потекло. Во исто време, суштински е важно да се гарантира заштитата и поврзувањето на мигрантите што доаѓаат на европско тло, да им се обезбеди пристап до основни услуги, фундаментални права и можности за активно учество во социјалниот и економскиот живот на заедниците домаќини.

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

# Здружување на друштвата и организациите во синџирот на понуда и побарувачка



**E.A.T.S. поттикнува интервенции на локално ниво за сузбивање на фрагментирањето и хетерогеноста во агрономскиот сектор,а на глобално ниво, координативни активности за решавање комплексни, поврзани предизвици на економската глобализација.**

„Глобалните вредносни синџири“ се појавуваат како главен облик на деловна координација во сè поповрзан пејзаж. Овој модел не се одразува само на организирањето на производството, туку и на самата природа на колективното застапување на работниците.

Ширењето на новата производствена граница генерира нееднаквости и неурамнотеженост во односите од синџирот на понуда, со значителни последици особено во агро-прехранбениот сектор. Неповолната конкуренција и намалената слобода на друштвата во одредени контексти често ја нагласуваат потребата за координирано и стратешко делување.

Во таков контекст, синдикатите мора да применат иновативни пристапи што се лесно прилагодливи и се во рамки на глобалните вредносни синџири.

Главната цел е да се гарантира ефективно застапување на работниците, дури и во контексти со долг и комплексен синџир на понуда. Тоа наложува:

- потреба за **синергично делување меѓу синдикалните организации**. Синдикатите мора активно да соработуваат за да развијат стратегии и алатки што ќе овозможат значајно застапување на работниците во целиот вредносен синџир. Тоа би опфатило создавање транснационални синдикални мрежи и поттикнување секторски договори што ќе утврдат минимални работни стандарди и пристојни услови во глобалните синџири на понуда и побарувачка.

- **поголема свесност за потрошувачите**. Потрошувачите играат важна улога во поттикнувањето поголема социјална одговорност од друштвата. Свесноста на потрошувачите за практиките на етичкото и одржливото производство може да се одразат на одлуките за купување и да ги присилат друштвата да бидат поодговорни кон работниците во нивниот синџир на понуда и побарувачка.

- **силна поддршка од европските и националните** институции во олеснување на можноста синдикалните организации ефективно да ги застапуваат работниците кои во моментов се дисперзирани во фрагментирани и растурени вредносни синџири.

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

# Повеќе социјален дијалог од страна на институциите и организациите во синџирот на понуда и побарувачка

**Од огромно значење е социјалниот дијалог да се фокусира на главните еколошки и социјални прашања, каде што вклученоста и поддршката на јавниот сектор е суштински важна за утврдување ефективна регулатива и за постапување како главен актер при формулирање на одлуките.**

Овие прашања од суштинско значење ги опфаќаат **еколошката транзиција**, **одржливоста на животната средина** и **прехранбениот суверенитет** разбрани во насока на заштита на територијата, биодиверзитетот и руралните средини, како и **здравјето** и **безбедноста** како одговор на климатската криза и територијалните промени. Соочувањето со овие предизвици бара заедничка и координирана посветеност од сите вклучени страни во социјалниот дијалог.

Овозможувањето ефективен социјален дијалог исто така бара инвестиција во креирањето простор и механизми што поттикнуваат активно учество и транспарентност.

**Важно е да се гарантира дека информациите се достапни за сите засегнати страни и дека има вистинска можност за значаен придонес во процесот за донесување одлуки.**



Секоја социјална организација мора да инвестира значителни ресурси и работа во активното промовирање на социјалниот дијалог како фундаментален начин на комуникација, соработка и преговарање меѓу различните социјални и институционални актери. Суштински е важно да се разбере дека социјалниот дијалог не е само можност да се промовира европската интеграција, туку е и моќна алатка за конструктивен дијалог во светот на производството и работата.

**Покрај тоа, суштински важно е социјалниот дијалог да се заснова на внимателна процена на интересите и потребите на сите вклучени страни, да се изнајдат урамнотежени и одржливи решенија преку инклузивен и правичен пристап што овозможува да бидат слушнати сите гласови и тие да бидат земени предвид во процесот на донесување одлуки. Тоа бара постојана посветеност на барањето решенија што може да урамнотежат различни перспективи и да обезбедат правични и одржливи резултати.**

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.

Funded by
the European Union

Проект: 101051555 — E.A.T.S. — SOCPL-2021-SOC-DIALOG

# E.A.T.S

Empowering Agri-Food Chain
Through Social Dialogue

Проектот E.A.T.S. [Поттикнување на агро-прехранбениот синџир преку социјален дијалог] доби финансии од Европската комисија, во согласност со Договорот за грант бр. 101051555. Меѓутоа, гледиштата и мислењата што се изразени се исклучиво на авторот (авторите) и не мора да значи дека се одраз на оние на Европската унија. Ниту Европската унија ниту органот што го доделил грантот не може да носат одговорност за нив.